**20241763048**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ" бр.30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија" бр.12/93, 31/93, 66/07, 86/08 и 148/15), Министерството за внатрешни работи, објавува

## ЛИСТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија" бр.64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.56/19, 120/19, 231/19, 52/20, 42/21, 140/21, 280/22 и 147/23), во Дел I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ" во точката 73 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 74, која гласи:

„74. Стопански анфо експлозив Косово Анфо (Kosova Anfo), Модул D со класификација UN 0331 Експлозив, тип B 1.5 ADR, производство на „TROPICANA A&L MINING SH.P.K.", со седиште во Урошевац, ул.„Дешморет е Комбит", Косово. Одобрение за пуштање во промет под број 12.1-56988/2 на ден 11.07.2024 година.".

Бр.13.1.1-88986/1
21 август 2024 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.